Советот на МЦМС на 28 април 2021 година ја одржа **шестата редовна седница** на која го усвои
**Годишниот извештај за 2020 година**
, заедно со Финансискиот извештај и Извештајот од независниот ревизор, и го
**избра новиот состав**
на Советот.




„Годината ја одбележа **кризата со Ковид-19**, која донесе промени во работењето на МЦМС. Доминантно беше користењето на веб алатки, спроведување на онлајн настани и состаноци, но и покрај тешката година организацијата успеа да ги реализира планираните активности", истакна во својата презентација,
Александар Кржаловски
, директор на МЦМС. Тој се осврна на постигнувањата во сите тековни програми на организацијата во кои се спроведуваа
**36 проекти**
со вкупен буџет од
**110 милиони денари**

. Кржаловски се осврна и на Финансискиот извештај и на Независното ревизорско мислење кое и оваа година е без забелешки.

Во дискусијата што следуваше, членовите на Советот се интересираа за понатамошните активности на МЦМС. Тие изразија **задоволство од постигнатите резултати** во 2020 година. Сите одлуки беа донесени едногласно.

Во вториот дел од седницата беше спроведено гласање и беше избран новиот состав на Советот на МЦМС кој го сочинуваат:

- Благица Петрески (Фајнанс тинк),
- Виктор Арнаудоски (ЗЕЛС),
- Герман Филков (Центар за граѓански комуникации),
- Данела Арсовска (Сојуз на стопански комори на Македонија),
- Дејан Страчковски (Македонска православна црква),
- Драган Секуловски (Здружение на новинарите на Македонија),
- Елена Кочоска (Полио плус),
- Ирсал Јакупи (Исламска верска заедница),
- Лулзим Хазири (Асоцијација за демократска иницијатива),
- Марија Ацковски (Евенгелско-методистичка црква),
- Марко Трошановски (Институт за демократија „Социетас цивилис),
- Назим Рашиди (Диверзити медиа),
- Никица Кусиникова (Конект),
- Никица Мојсоска-Блажевски (Македонија 2025),
- Самет Скендери (Иницијатива за социјална промена –ИНСОК),
- Сања Васиќ (Македонски институт за медиуми),
- Сашо Клековски (од приватниот сектор),
- Тетјана Лазаревска (МРФП) и
- Томе Христоски (општина Крушево).

Гласањето беше спроведено со **ковертирани гласачки ливчиња** доставени пред седницата од членовите кои не можеа да учествуваат на неа и
**онлајн**
, што како метод беше спроведен за прв пат. Согласно Статутот на МЦМС, членовите се претставници од редот на граѓанските организации, црквите и верските заедници, институциите за истражување и развој, приватниот сектор, локална самоуправа, меѓународни организации и истакнати лица со влијание во јавноста и медиумите.

Мандатот на новиот состав на Советот на МЦМС е четири години, односно од 2021 до 2025 година.